ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД СКОПЈЕ

Акционерско Друштво за осигурува..
ГРАВЕ НЕЖИВОТ СКОПЈЕ
Бр. 0202-28/18
05.12 2019 год.
Скопје

# ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ПОСЕВИ И ПЛОДОВИ

Скопје, декември 2019 година

Усвоена со одлука на Управен одбор број 28/17 од 05.12.2019 година

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ПОСЕВИ И ПЛОДОВИ

## I. УВОДНИ ОДРЕДБИ

1. „Осигурител" – ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД СКОПЈЕ со кое е склучен договор за осигурување.

2. „Договарач на осигурување" – лице кое со осигурителот склучува договор за осигурување.

3. „Осигуреник" – лице чиј посев, односно плод е осигурен и на кое му припаѓаат правата од осигурувањето.

4. „Премија" – износ што се задржува плаќа (задржува) за осигурување по договорот за осигурување.

5. „Сума на осигурување" – сума на која посевот или плодот е осигурен, доколку од содржината на договорот за осигурување не произлегува нешто друго.

6. „Полиса" – документ за договор за осигурување.

7. „Лист на покритие" – потврда што привремено ја заменува полисата.

## II. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### ОСИГУРЕН СЛУЧАЈ

Член 1

(1) Настанот за кој се склучува осигурување (осигурен случај) мора да биде иден, неизвесен и независен од исклучивата волја на договарачот.
(2) Се смета дека настапил осигурен случај во оној момент кога една од осигурените опасности почнала да предизвикува штети на осигурените посеви и плодови.

### КОГА ДОГОВОРОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ Е СКЛУЧЕН

Член 2

(1) Договорот за осигурување е склучен кога договарачите ќе потпишат полиса за осигурување или лист на покритие.
(2) Усната понуда дадена на осигурителот за склучување договор за осигурување не го обврзува ниту понудувачот ниту осигурителот.

(3) Писмената понуда дадена на осигурителот за склучување договор за осигурување го обврзува понудувачот, ако тој не одреди покус рок, за време од осум дена од денот кога понудата пристигнала до осигурителот.

(4) Ако осигурителот во рокот одреден со претходниот став не ја одбие понудата што не отстапува од условите под кои тој го врши предложеното осигурување, се смета дека ја прифатил понудата и дека договорот е заклучен.

(5) Во случајот од претходниот став договорот за осигурување се смета заклучен кога понудата ќе пристигне до осигурителот.

(6) Ако осигурителот во врска со примената понуда побара некакво дополнување или измени, како ден за прием на понудата се смета денот кога на осигурителот ќе му бидат предадени бараните дополненија или измени, односно кога ќе биде известен за прифаќање на неговите услови.

(7) Ако понудувачот по барање од претходниот став не го извести осигурителот ниту во рок од осум дена за прифаќање на неговите услови, односно не ги достави бараните измени и дополненија, се смета дека не ги прифатил условите за осигурување и дека отстапил од склучување на договорот за осигурување.

## ПОЛИСА И ЛИСТ НА ПОКРИТИЕ

### Член 3

(1) Во полисата мора да бидат наведени: договорените страни, осигурениот предмет, ризикот опфатен со осигурување, траење на осигурувањето и периодот на покритие, сумата на осигурување, премијата за осигурување, место и датум на издавање на полисата и потписи на договорените страни.

(2) Полисата за осигурување може привремено да биде заменета со лист на покритие во кој се внесуваат битните елементи на договорот. Листот на покритието може да трае најмногу еден месец.

(3) Осигурителот е должен да го предупреди договарачот на осигурувањето дека Општите и Посебните услови за осигурување се составен дел на договорот и да му го предаде нивниот текст, ако тие услови не се печатени на самата полиса.

(4) Извршувањето на обврските од претходниот став мора да биде констатирано на полисата.

(5) Во случај на несогласување на некои одредби од Општите или Посебните услови и некои одредби од полисата се применуваат одредбите од полисата, а во случај на несогласување на некои печатени одредби од полисата и некои нејзини ракописни одредби се применуваат овие последниве.

(6) Според договорот на договарачите, полисата може да гласи на одредено лице, по наредба или на доносителот.

## ТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

### Член 4

Договорот за осигурување се склучува со одреден рок на траење:

1. За време од една година или пократко – краткорочно осигурување.
2. За време преку една или повеќе години – повеќегодишно осигурување.

ПОЧЕТОК И ПРЕСТАНОК НА ОБВРСКИТЕ НА ОСИГУРИТЕЛОТ

Член 5

(1) Обврската на осигурителот да исплати надоместок од осигурување почнува по 00:00 часот од денот што во полисата за осигурување е означен како почеток на осигурување, ако во тој ден е платена премија, инаку по 00:00 часот од денот кога е платена премија за осигурување, доколку не се договори поинаку и доколку се исполнети условите од став (3) од овој член.

(2) Ако е договорено плаќање на премијата во одредени рокови или плаќање на премијата со вирман, обврската на осигурителот за исплата на надоместокот од осигурување почнува по 00:00 часот од денот што во полисата за осигурување е означен како почеток на траење на осигурувањето, доколку се исполнети условите од став (3) на овој член.

(3) Покрај исполнетите услови од став (1) и (2) од овој член, почетокот на обврската на осигурителот за надоместок од осигурување се одредува за одделни посеви и плодови според фазата на развој и тоа:

1. Кај лозјата, малините и хмељот по излегувањето на ластарот од пупката.
2. Кај овошјето – кога ќе се исушат, односно ќе опаднат венечните ливчиња на 50% цветови од иста сорта.
3. Кај овошниот, лозовиот и шумскиот посадочен материјал, украсното шибје и младите шумски култури – од почетокот на вегетацијата, односно од моментот на никнување, односно засадување.
4. Кај градинарските култури, тутунот и цвеќињата – од денот на расадувањето, а ако тие се произведуваат со сеење на постојано место од моментот на никнувањето.
5. Кај житарките и другите посеви што не се наведени во точките 1) до 4) од овој став – од моментот на никнување.

(4) Обврската на осигурителот за надоместок од осигурување за одделни посеви и плодови престанува:

1. Кај житарките, маслените билки, конопот, ленот, добиточните билки и посевите оставени за семе – кога ќе бидат окосени, ожнеани или обрани на друг начин.
2. Кај коренестите и кртолестите билки – кога коренот или кртолата ќе се извадат од земјата.
3. Кај овошјето, грозјето, хмељот и градинарските билки, плодот, односно родот да биде обран.
4. Кај овошниот, лозовиот и шумскиот посадочен материјал, како и кај младите шумски култури, украсните жбунови и врбите за плетарство – по извршеното вадење или режење.
5. За сите други посеви и плодови што не се наведени во точките од 1 до 4 од овој став најдоцна до 31 октомври во 24 часот освен за културите каде што агротехничкиот рок на жетва, односно берба е продолжен и по 31 октомври кај кои обврската на осигурителот за надоместок од осигурување престанува по извршената жетва или берба, но најдоцна 10 (десет) дена по завршувањето на жетвата, бербата во соодветното место.

ПЛАЌАЊЕ ПРЕМИЈА

Член 6

(1) Договарачот на осигурувањето е должен да ја плати премијата за осигурување, а осигурителот е должен да ја прими уплатата на премијата од секое лице кое има правен интерес таа да биде платена.

(2) Премијата се плаќа во договорените рокови, а ако треба да се исплати наеднаш се плаќа при склучување на договорот за осигурување.

(3) Место за плаќање на премијата е местото во кое договарачот на осигурувањето има стан, односно седиште или живеалиште.

(4) Осигуреникот може да ја плати премијата на осигурителот непосредно, на неговиот претставник, по пошта или преку банка.

СПРЕЧУВАЊЕ НА ОСИГУРЕНИОТ СЛУЧАЈ СПАСУВАЊЕ

Член 7

(1) Осигуреникот е должен да ги преземе пропишаните договорени и сите други мерки потребни да се спречи настанувањето на осигурениот случај, а ако осигурениот случај настапи, должен е да преземе сѐ што е во негова моќ да се ограничат неговите штетни последици.

(2) Осигурителот е должен да ги надомести трошоците, загубите, како и другите штети предизвикани со свесни обидувања да се отстрани непосредната опасност од настанување на осигурениот случај, како и обидот да се ограничат неговите штетни последици и тогаш кога тие обиди останале без успех.

(3) Осигурителот е должен да го даде овој надоместок дури ако тој заедно со надоместокот од штети од осигурениот случај ја применува сумата на осигурување, доколку е одобрен од страна на осигурителот.

(4) Ако осигуреникот не ја исполни својата обврска за спречување на осигурениот случај или обврската за спасување, а за тоа нема оправдување, осигурителот нема обврска за надоместок за штета.

(5) Осигурителот има право да врши контрола за извршувањето на одредбите за заштитните мерки од овој член.

(6) Ако со осигуреникот е договорен или му е одреден рок до кога мораат да се спроведат мерките за спречување на остварувањето или зголемувањето на опасностите, надоместокот на осигуреникот му се исплатува и тогаш кога осигурениот случај настанал до истекот на договорениот рок и ако штетата е во причинска врска со договорените пропишани, односно одредени заштитни мерки.

НАЧИН НА ИЗВЕСТУВАЊЕ

Член 8

(1) Сите известувања и пријави што договорените странки се должни да ги направат во смисла на одредбите од овие услови, мораат да се потврдат писмено ако се направени усно, по телефон или на некој друг начин.

(2) Како ден на известување, односно пријавување се смета денот кога е примено известување, односно пријавата.

Ако известувањето, односно пријавата е пратена по пошта препорачано, како ден на прием се смета денот на предавањето во пошта.

(3) Договорите што се однесуваат на содржината на договорот полноважни се само ако се склучени во писмена форма.

## ПРОМЕНА НА АДРЕСАТА – НАЗИВОТ (ФИРМАТА)

### Член 9

(1) Осигуреникот, односно договарачот на осигурувањето е должен, за промените (измена) на адресата на станот, односно за промената на името на фирмата и седиштето (работни простории) да го извести осигурителот во рок од 15 дена од денот на настанатите промени.

(2) Доколку осигуреникот не го извести осигурителот за промените од претходниот став, за полноважноста на известувањата што ги испраќа осигурителот доволно е ако тој ги упати на осигуреникот со препорачано писмо според последните податоци за адресата на станот, работните простории, односно името на фирмата со која располага. Известувањето станува полноважно на денот кога, според редовниот тек на работите, станало полноважно да немало промени во претходниот став.

## ИЗМЕНИ НА УСЛОВИТЕ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ И ТАРИФИТЕ НА ПРЕМИИ

### Член 10

(1) На постојните договори за осигурување склучени на траење подолго од една година, измените во Условите за осигурување и Тарифите на премии направени по заклучување на договорот за осигурување, ќе се применуваат по истекот на тековната година на осигурување.

(2) Осигурителот е должен писмено или на друг соодветен начин да го извести договарачот на осигурувањето за извршените промени во Условите за осигурување, односно Тарифите на премии.

(3) Договарачот на осигурувањето има право во рок од 60 дена од денот на приемот на известувањето за извршените измени во Условите за осигурување, односно Тарифите на премии да го откаже договорот за осигурување.

(4) Во случај на отказ од претходниот став договорот за осигурување престанува во 24 часот од последниот ден на тековната година на осигурување во која е извршена измена на Условите за осигурување, односно Тарифата на премии.

(5) Ако договарачот на осигурувањето не го откаже договорот во рокот одреден во став (3) од овој член, договорот за осигурување со почеток на следната година на осигурување се менува во согласност со извршените измени во Условите за осигурување, односно Тарифата на премии.

ОСОБЕНИ ОСНОВИ ЗА ГУБЕЊЕ НА ПРАВОТО НА НАДОМЕСТОК

Член 11

Осигурителот нема обврска да го исплати договорениот надоместок ако штетата е предизвикана намерно или со измама од страна на договарачот на осигурувањето, осигуреникот или корисникот на осигурувањето.

ПРАВНА СИТУАЦИЈА ПО НАСТАНУВАЊЕ НА ОСИГУРЕН СЛУЧАЈ

Член 12

(1) Оштетените посеви, односно плодови останувaат на осигуреникот.
(2) По настанување на осигурен случај, преостанатите посеви или плодови, односно повторно насеаните (насадени) посеви и плодови, осигурени се на разликата помеѓу првобитната сума на осигурување и исплатениот надоместок.

III. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ

Член 13

(1) Осигурени се посеви (вклучувајќи пострни, потпосеви и меѓупосеви), плодови, ливадски треви, лековити билки, украсни билки и овоштарници и лозја, млади овоштарници и лозја пред стапување во род, овошен лозов и шумски посадочен материјал, млади шумски култури до наполнети шест години, врби за плетарство и трски.
(2) Осигурено е кај посевите и плодовите наведени во полисата:

1. Кај житарките, маслодајните билки и другите култури оставени за семе, зрната (семе), кај житарките може да се осигури и стеблото (слама и пченковината), а кај сиракот метлицата, доколку посебно се договори тоа.
2. Кај коренестите и кртолестите билки – коренот и кртолата.
3. Кај градинарските, лековити и украсни билки според целта на одгледување.
4. Кај конопот – стеблото, а ако се произведува за семе само семето, кај конопот за семе со осигурувањето може да се опфати и стеблото, доколку посебно се договори тоа.
5. Кај ленот – стеблото и семето.
6. Кај хмељот – плодот.
7. Кај памукот – плодот (кожурецот).
8. Кај афионот – семето и кожурецот.
9. Кај тутунот – листот, ако се произведува за семе, тогаш и семето, доколку посебно се договори тоа.

10. Кај крмните растенија и ливадските треви – крмната маса, а кога се произведува за семе само семето.

11. Кај расадот – билките.

12. Кај овошјето и лозјето само плодот, односно родот, а ако посебно се договори, може да се осигури и стеблото, односно пенушката.

13. Кај младите шумски култури – стеблото.

14. Кај овошниот, лозовиот и шумскиот посадочен материјал, подлогите, калемите, резниците и садниците, како и гранчињата за калемење кај овошките и ластарите кај лозјата – само во матични насади.

15. Кај врбите за плетарство – прачките.

16. Кај трските – стебленцето.

(3) Пострните посеви, потпосевите и меѓупосевите опфатени се со осигурување само во случај ако на полисата се посебно осигурени и ако за нив е платена посебна премија.

(4) Посевите и плодовите, како и другите култури наведени во став (1) од овој член, еднаш веќе оштетени од ризикот од кој се врши осигурување не можат да бидат осигурени.

(5) Ако по склучувањето на договорот за осигурување се утврди дека осигурениот посев, односно плод пред склучување на договорот за осигурување бил оштетен од ризикот што е покриен со тоа осигурување осигурителот може да бара поништување на договорот.

(6) Во случај на поништување на договорот за осигурување од причините наведени во претходниот став, осигурителот го задржува наплатувањето на премијата и има право да бара наплата на премијата за периодот на осигурување во кој побарал поништување на договорот.

ОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ (РИЗИЦИ)

Член 14

(1) Осигурителот има обврска да плати надоместок од осигурување за штетите предизвикани со оштетување или уништување на осигурените посеви и плодови од основните опасности, град, пожар и гром, додека посевите, односно плодовите се неожнеани, односно необрани.

(2) Ако се договори и дополнително осигурување по Посебните услови и плати соодветна дополнителна премија, осигурителот има обврска да плати надоместок од осигурување и за штети настанати од дополнителните опасности (ризици).

(3) Осигурителот има обврска да плати надоместок од осигурување за штетите само за загуба на количински принос.

(4) Осигурителот има обврска да плати надоместок од осигурување и за штетите што се опфатени со осигурување на тутунот од основните ризици, а согласно Посебните услови.

(5) Осигурителот има обврска да плати надоместок од осигурување и за штети што настануваат и со загуба на квалитет кај:

1. Посеви и плодови за производство на семе.
2. Овошје.
3. Трпезното грозје, ако е договорено дополнително осигурување по Посебните услови и ако е платена соодветна дополнителна премија.

ОПАСНОСТИ (РИЗИЦИ) ШТО НЕ СЕ ОПФАТЕНИ СО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 15

Со осигурување не се опфатени штети што ќе настанат како последица на:

(1) Војна, инвазија, дејства на странски непријатели, непријателски или воени операции (без оглед дали е објавена војна или не), граѓанска војна, побуна, револуција, востание, граѓански немири, имајќи го предвид учеството во востанието или неговата големина, воена или узурпаторска сила; или

(2) а) биолошка или хемиска контаминација;

б) проектили, бомби, гранати, експлозивни средства;

в) поради секое дејство на тероризам.

Тероризам значи дејство, вклучувајќи, но не и ограничувајќи употреба на сила или насилство и/или закана со нив на лице или група лица, без оглед на тоа дали дејствуваат сами или во корист или во врска со која било организација(и) или влада(и), поврзани со политички, религиозни, идеолошки или етнички цели и причини, вклучувајќи и намера да се влијае на влада и/или да се изложи јавноста или дел од јавноста под страв.
Контаминацијата значи труење или превентива и/или ограничување на употреба на средство поради влијание на хемиски и/или биолошки материи. Овој додаток исклучува и загуба, штета, цена или трошок од секаков вид директно или индиректно настанат од последица или во врска со дејство преземено за контрола, превенција, уништување или на кој било начин се однесува за и/или точка 2.
Ако преземачите на осигурување потврдат дека поради овој исклучок, штета, загуба, цена или трошок не се покриени со ова осигурување товарот за докажување на спротивното паѓа на осигуреникот.

СУМА НА ОСИГУРУВАЊЕ

Член 16

(1) Посевите и плодовите се осигурени на износот што го одредува осигуреникот (сума на осигурување), но најмногу до висина на очекуваната вистинска вредност во соодветната година, ако не е договорено поинаку.

(2) Како основа за пресметување на вредноста на посевите, односно плодот, се зема висината на очекуваниот принос и слободната пазарна цена што се очекува да биде во соодветната година по жетвата, односно бербата, гарантираната цена, ако се договори така, или цената договорена со организаторот на производството.

ОБВРСКА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА СИТЕ ПОСЕВИ И ПЛОДОВИ ОД ИСТ ВИД

Член 17

(1) Договарачот на осигурувањето е обврзан да ги осигури сите површини под посеви и плодови од ист вид. Тоа се однесува и на посевите и на плодовите што се осигуруваат масовно, доколку масовното осигурување не е договорено поинаку.

(2) Ако не се осигуруваат сите посеви, односно плодови од ист вид според претходниот став, надоместокот од осигурување се исплатува сразмерно помеѓу осигурената и реалната површина под тие посеви и плодови. Кога договорот за осигурување е склучен по бројот на стеблата или пенушките, надоместокот од осигурување се исплатува во сразмер помеѓу осигурениот и вистинскиот број на стеблата или на пенушките.

(3) Ако во текот на траењето на осигурувањето настапи промена во структурата на осигурените површини, договарачот на осигурувањето е обврзан без одлагање да го пријави тоа на осигурителот.

(4) Доколку договарачот на осигурувањето не ја изврши својата обврска за промените од претходниот став, па со настанувањето на осигурениот случај се утврди несогласување помеѓу осигурените и реално засеани површини, односно помеѓу осигурениот и реалниот број стебла или пенушки, надоместокот од осигурување ќе се исплаќа по определбите од став (2) на овој член.

НАМАЛУВАЊЕ ИЛИ ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА СУМАТА НА ОСИГУРУВАЊЕ И ПРЕМИЈАТА

Член 18

(1) Договарачот има право да бара намалување на сумата на осигурување, ако вистинската вредност на осигурениот посев, односно плод од ист вид биде помала од сумата на осигурување и ако во меѓувреме не настанал осигурен случај.

(2) Во сразмер со намалување на сумата на осигурување од претходниот став се намалува и премијата за осигурување за времето од денот на поднесувањето на писменото барање до осигурителот за намалување на сумата на осигурување, па до истекот на траењето на осигурувањето.

(3) Намалување на сумата на осигурување и премијата од став (1) и (2) од овој член, договарачот на осигурувањето може писмено да бара до 30 дена пред почетокот на жетвата, односно бербата на тие посеви или плодови на парцелите за кои се бара намалување. Намалувањето не може да биде поголемо од 20%.

(4) Договарачот на осигурувањето има право да бара зголемување на сумата на осигурување ако во текот на траењето на осигурувањето се зголеми вистинската вредност на осигурените посеви или плодови и ако во меѓувреме не настанал осигурен случај.

(5) Сразмерно на зголемувањето на сумата на осигурување од претходниот став се зголемува и премијата за осигурување.

(6) Ако некој од осигурените посеви воопшто не е засеан, односно засаден, и осигурителот не носи никаков ризик, договарачот на осигурувањето за тој посев не плаќа премија за осигурување.

(7) Договарачот на осигурувањето може да поднесе писмено барање за отпишување или враќање премија од претходниот став до почетокот на жетвата, односно бербата на посевите од ист вид во соодветното место.

(8) Ако осигурениот посев или плодот за времето додека трае осигурувањето е уништен со штетни настани што не се опфатени со осигурувањето, сумата на осигурувањето и премијата се намалуваат сразмерно со времето од денот на уништувањето на посевот, па до денот кога би престанала обврската на осигурителот за носење на ризиците по одредбите од член 5 став (4) на овие услови, односно осигурувањето престанува да важи, а премијата, пресметана сразмерно, му се враќа на осигуреникот.

(9) Договарачот на осигурувањето може да поднесе писмено барање за намалување на премијата од претходниот став најдоцна во рок од 15 дена, сметајќи од денот на уништувањето на посевот или на плодот.

(10) Ако осигурениот посев или плод биде уништен пред почетокот на обврската на осигурителот за исплата на надоместок од осигурување, договарачот на осигурувањето за тој посев не ја плаќа премијата за осигурувањето.

(11) Во случај на уништување на осигурениот посев или плод од претходниот став, договарачот на осигурувањето може да поднесе писмено барање за отпишување на премијата најдоцна во рок од 15 дена, сметајќи од денот на настанатото уништување на осигурениот посев или плод.

## НЕДЕЛИВОСТ НА ПРЕМИЈАТА

### Член 19

(1) Премијата од Тарифата на премии важи за еден период на осигурување, т.е. за времето од склучувањето на осигурувањето, па до жетвата, односно бербата, доколку по Посебните услови за осигурување тоа не е регулирано поинаку, но најмногу до една година.

(2) Утврдената премија за осигурување не може да се намали поради скратување на рокот на траење на осигурувањето, освен во случаите од член 18 на овие услови.

(3) Ако посевот или плодот истовремено е осигурен од повеќе ризици, па во текот на траењето на осигурувањето дошло до остварување на некој од осигурените ризици, осигурителот ја задржува вкупната премија за сите ризици.

## ПРЕГЛЕД НА СОСТОЈБАТА НА ОСИГУРЕНИТЕ ПОСЕВИ И ПЛОДОВИ (РЕВИЗИЈА НА РИЗИЦИ)

### Член 20

(1) Осигурителот има право во текот на траењето на осигурувањето да врши преглед на осигурените посеви и плодови поради утврдување на состојбата во врска со обврските што произлегуваат од склучениот договор за осигурување.

(2) Прегледот и утврдувањето на состојбата на посевите го вршат осигурителот и осигуреникот заедно.

(3) По извршениот преглед од став (1) и (2) на овој член, се составува записник за утврдената состојба.

ОБВРСКА НА ОСИГУРЕНИКОТ КОГА ЌЕ НАСТАПИ ОСИГУРЕН СЛУЧАЈ

Член 21

Кога ќе настапи осигурен случај врз основа на кој се бара надоместок, осигуреникот е должен да постапи според следното:

1. Веднаш, а најдоцна во рок од три дена по настанувањето на осигурениот случај, пријави на осигурителот дека настанал осигурен случај.
2. Ако пријавата е направена усно или преку телефон мора веднаш, а најдоцна во рок од три дена да се потврди писмено.
3. Во пријавата за настанатиот осигурен случај, треба да се наведе денот и часот на настанување, на кои посеви, односно плодови и површини настанала штетата, и тоа по видови посеви и парцели.
4. Во случај посевите, односно плодовите да бидат оштетени за време на жетвата (бербата), осигуреникот е должен и пред процена на штетата да ја изврши жетвата или бербата, со цел спречување на понатамошното зголемување на штетата.
5. Кога оштетениот посев или плод мора да се ожнее или да се обере, а процената на штетата сè уште не е извршена, осигуреникот е должен да остави контролни примероци на долниот, средниот и горниот дел на парцелата дијагонално од најмалку по десет квадратни метри од оштетениот посев, односно плод необрано, а кај лозјата најмалку десет пенушки, кај овошјата неколку стебла необрани на долниот, средниот и горниот дел од лозјето, односно овоштарниците дијагонално, што ќе послужат како основа за процена на штетата, кај културите кај кои жетвата/бербата се врши машински – со комбајнирање осигуреникот мора да остави контролни примероци во вид на лента, односно да достави кантарски сметки за извршена продажба на дел од одбраните или ожнеаните посеви плодови.
6. Осигуреникот е должен на осигурителот да му ги даде сите податоци и докази со кои располага, а се неопходни за утврдување на причините, обемот и големината на штетата.

УТВРДУВАЊЕ И ПРОЦЕНА НА ШТЕТИ

Член 22

(1) По примање на пријавата за настанатиот осигурен случај, осигурителот е должен да пристапи кон утврдување и процена на штетата. Утврдувањето и процената на штетата го вршат осигурителот и осигуреникот. Осигуреникот може да овласти и друго лице да го застапува во процената.

Осигурителот е должен за свој претставник во процената да одреди земјоделски експерт.

(2) Осигуреникот е должен на покана на претставникот на осигурителот да излезе на теренот поради процена на штетата или да овласти друго лице да го застапува во процената.

Процената може да биде претходна (претпроцена) и конечна:

1. Кога процената е претходна (претпроцена) не се утврдува конечната висина на штетата, туку само се утврдува состојбата на посевите и на плодовите, природата на оштетувањата и други елементи што се од важност за

конечно утврдување, односно процена на штетата. Ако оштетувањето е незначително и кога со сигурност може да се утврди дека конечниот процент на штета не може да биде поголем од 5%, се врши конечна процена.

2. Кај конечната процена на штетата се утврдува: дали се сите посеви, односно плодови од ист вид осигурени, големината на оштетената парцела, колкав е процентот на штетата од настанатиот осигурен случај и колкав би бил приносот ако плодовите, односно посевите не биле оштетени од осигурениот случај.

3. Кога посевите и плодовите се оштетени со дејство на некоја друга опасност што не е опфатена со осигурување, се утврдува колкав е процентот на оштетување од таа опасност и за висината на тој процент се намалува висината на приносите што би се добиле ако воопшто немало оштетување од тие ризици.

4. Културите што се жнеат или се берат, два или повеќе пати, имаат повеќе откоси, утврдувањето и процената на штетата се вршат врз основа на бројот на бербите, процентот на оштетувањата и просечниот принос на оштетените берења. Исто така, треба да се утврди колку плод е набрано од оштетените берби пред настанатото оштетување.

5. Ако еден ист посев или плод биде оштетен повеќепати, процентот на штетата се утврдува според состојбата на посевите или плодовите во последното оштетување.

6. При утврдување на површините под оштетените посеви и плодови, добиениот резултат се заокружува кај хектарот на еден ар.

(3) Кога осигурителот и осигуреникот не се согласуваат во процената, се приоѓа на вештачење. Во тој случај осигуреникот е должен, во смисла на член 22 точка 5 и 6 од овие услови, да остави контролни парцели во оштетена состојба сè додека не се изврши вештачење. Ако не постапи така, штетата се пресметува според првобитната процена на осигурителот.

(4) Несогласувањето во процена на штетата се констатира во записникот за процена на штети. Ако на процената не присуствувал осигуреникот или неговиот застапник, осигуреникот е должен своето несогласување со процентот писмено да го соопшти на осигурителот во рок од три дена од денот на соопштување на резултатите од процената. Доколку осигуреникот не постапи така, процената се смета за полноважна.

(5) Осигурителот и осигуреникот имаат право да бараат и да вршат контрола на извршената процена според состојбата на самото место, а пред жетвата – бербата, освен процената на извршеното вештачење.

(6) Ако осигуреникот или осигурителот не се согласуваат со наодот на утврдувањето при контролата на процената се пристапува кон вештачење во смисла на член 23 од овие услови.

## ПОСТАПКА ЗА ВЕШТАЧЕЊЕ

### Член 23

(1) За постапката на вештачење во смисла на член 22 став (6) од овие услови важат следните начела:

1. Секоја странка писмено именува свој вештак во рок од пет дена од денот на извршената процена, а во случај кога осигуреникот или неговиот застапник не присуствувал на процената, во рок од три дена од денот на соопштувањето на резултатите на процената.

2. За вештаци можат да се именуваат само лица со завршен земјоделски факултет кои не учествувале во проценатa.

3. Пред почетокот на вештачењето и двата именувани вештаци одбираат трет вештак како претседател, кој не може да биде од редовите на лица во работен однос со осигурителот или осигуреникот.

4. Вештаците работат истовремено и своите наоди во писмена форма ги предаваат на трет вештак – претседател.

Ако наодите на вештаците меѓусебно отстапуваат: претседателот одлучува за спорните прашања во границите на наодите на двајцата вештаци. По еден примерок од одлуката претседателот писмено дава на осигурителот и осигуреникот.

(2) Секоја страна ги плаќа трошоците на својот вештак. Трошоците на претседателот ги плаќаат и двете страни по половина.

УТВРДУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОК ОД ОСИГУРУВАЊЕ

Член 24

(1) Висината на надоместокот од осигурување се утврдува:

1. Од сумата на осигурување – ако вредноста на приносот е еднаква на сумата на осигурување или поголема од неа.

2. Од вистинската вредност на приносите – ако таа вредност е помала од сумата на осигурување.

(2) Вредноста на осигурените посеви, односно плодови, се пресметува на тој начин што од утврдениот принос што би се постигнал да немало никакви оштетувања, се одбива намалувањето на приносот поради евентуалното оштетување од опасностите што не се опфатени со осигурување и така добиениот принос се пресметува по договорената цена во полисата, а за договореното производство – по цените договорени со организаторот на производство.

(3) Кога штетата е делумна, на осигуреникот на име надоместок му се исплатува: во случаите од став (1) точка 1 од овој член, од сумата на осигурување, во случаите од став (1) точка 2 од овој член – од вредноста на приносот – онолку проценти за колку проценти посевите, односно плодовите се оштетени.

(4) Кога штетата е тотална, на осигуреникот на име надоместок му се исплатува:

1. Во случаите од став (1) точка 1 од овој член, износот на сумата на осигурување, намалена за спасените и обраните плодови.

2. Во случаите од став (1) точка 2 од овој член, износот на вредноста на приносите, овие износи се намалуваат за трошоците за производство, што од настанувањето на штетата до завршувањето на жетвата или бербата нема да се остварат, земајќи ги притоа предвид и трошоците неопходни за отстранување на растителните остатоци, намалена за спасените.

(5) Ако процентот на оштетување изнесува 80% и повеќе се смета дека штетата е тотална, а износот на надоместокот се намалува во висина на трошоците за неизвршените работи, најмалку за 20%.

(6) Кога младите или брзо засеаните посеви се тотално уништени, а според годишното време, временските услови и соодветноста на земјиштето

наместо нив е можно да се засее истата култура, на осигуреникот му се исплатува аконтација на надоместокот од осигурување во висина до 30% од сумата на осигурување.

(7) Кога посевите или плодовите се тотално уништени, а според годишното време, временските услови и соодветноста на земјиштето, не е можно сеењето или садењето да се изврши со иста, туку со некоја друга култура, на осигуреникот му се исплатува аконтација на надоместок од осигурување во висина 50% од сумата на осигурување.

(8) Ако во смисла на став (6) и (7) од овој член, новонасеаниот, односно насаден посев не успеал при околностите на кои осигуреникот не можел да влијае, или делумно успеал, надоместокот од осигурување се утврдува на следниот начин:

1. Ако посевот воопшто не успеал, се пресметува вкупниот износ на надоместокот во смисла на одредбите од став (1), (2), (4) и (5) од овој член и на осигуреникот му се исплаќа разликата помеѓу исплатениот износ на аконтација по став (6) или (7) од овој член и вкупно утврдениот износ на надоместокот.

2. Ако посевот делумно успеал, првин се утврдува постигнатата вредност на засеаните, односно засадени култури и таа вредност се додава на исплатениот износ на аконтацијата од став (6) и (7) од овој член. Ако така добиениот износ биде помал од вредноста што осигурената култура би ја имала да не дошло до настанување на осигурениот случај на осигуреникот ќе му се надомести разликата до таа вредност.

(9) Износот на трошоците за производство во смисла на став (4) од овој член не се одбива кога се врши пресејување, односно пресадување на тотално уништените посеви и плодови.

(10) Барањето за исплата на разлика на надоместок во смисла на став (8) од овој член, осигуреникот е должен писмено да му го поднесе на осигурителот, и тоа пред да се ожнее посевот, да се обере плодот или оправданоста на барањето договорно ја утврдуваат осигуреникот и осигурителот.

(11) Доколку осигуреникот не изврши пресејување, односно пресадување во смисла на став (6) и (7) од овој член, исплатената аконтација ќе се смета конечна со надоместокот од основата на осигурувањето.

## ФРАНШИЗА

### Член 25

(1) Ако е договорено осигуреникот да одговара за дел од штетата (договорено самопридржување, франшиза), при настанување на осигурен случај надоместокот од осигурувањето ќе се утврди на тој начин што на осигуреникот отпаѓа дел од штетата во висина на договорената франшиза.

## НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИ

### Член 26

(1) Осигурителот ги надоместува трошоците предизвикани со свесен обид да се отстрани непосредната опасност од настанување на осигурениот

случај, како и обидите да се ограничи неговата штетна последица само доколку осигуреникот тие обиди ги презел во согласност со осигурителот.

(2) Ако осигурителот одбие да даде согласност на предложените мерки од став (1) од овој член во случај на настанување на штетата обврзан е да го исплати надоместокот од договорот за осигурување во целост.

ПРИМЕНА НА ОПШТИТЕ УСЛОВИ

Член 27

Овие услови се применуваат за осигурување посеви и плодови доколку со Посебните услови не е регулирано поинаку или доколку примената на Општите услови за осигурување посеви и плодови не е во целина или делумно исклучена со Посебните услови.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 28

Постапка по приговори

Во случај осигурителот и осигуреникот да не се согласат по однос на обемот и висината на штетата, осигуреникот има право на приговор во рок од осум дена од приемот на писменото известување од осигурителот до Второстепената комисија за решавање штети по приговор, што е должна во рок од 30 дена да одговори по приговорот.

Член 29

Постапка по жалба

Договарачот, односно осигуреникот во однос на работењето на Друштвото има право на жалба до Агенцијата за супервизија во осигурување како надлежен орган за супервизија на друштвата за осигурување.

Член 30

Решавање спорови

Евентуалните спорови што би произлегле од договорот за осигурување договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку не дојде до спогодба, надлежен е стварно надлежниот суд според местото на склучување на договорот за осигурување.

**Претседател на Управен одбор**

**Марко Микиќ**

ГРАВЕ НЕЖИВО Скопје